Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА
MINISTRIA E DREJTËSISË
Број 05-10752
01.07.2021
Скопје/Shkup

Bojan Marichikj
Digitally signed by Bojan Marichikj
Date: 2021.07.01 10:59:10 +02'00'

Врз основа на член 112 став 2 од Законот за јавни ("Службен весник на РМ"24/2019) и член 49 став (1) и член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа ("Службен весник на РМ"бр.58/2000, 44/2002, 82/2008, 167/2010 и 51/2011), министерот за правда м-р Бојан Маричиќ донесе

# ОДЛУКА

## за избор во постапка за набавка од мала вредност број 10162/2021

1. За најповолен понудувач за Набавка на услуга – Осигурителни услуги:
   - Осигурување на движен и недвижен имот на Министерството за правда; - Осигурување на моторни возила од автоодговорност и каско осигурување и зелен картон; и - Услуги за патничко осигурување на вработените надвор од земјата се избра:

   **за ДЕЛ 1– Осигурување на движен и недвижен имот на Министерството**
   **за правда - Акционерско друштво за осигурување ВИНЕР-Виена Иншуренс Груп Скопје**

   **за ДЕЛ 2 - Осигурување на моторни возила од автоодговорност и каско осигурување и зелен картон - Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје**

   **за ДЕЛ 3 - Услуги за патничко осигурување на вработените надвор од земјата - Национална групација за осигурување АД ОСИГУРИТЕЛНА ПОЛИСА Скопје "**

2. Се задолжува Одделението за јавни набавки да ја спроведе оваа Одлука.
3. Одлуката влегува во сила од денот на донесување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Со цел реализирање на Годишниот план за јавни набавки број 05-270/1 од 26.01.2021 на Министерството за правда, Комисијата за јавни набавки при Министерството за правда спроведе постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуга – Осигурителни услуги: - Осигурување на движен и

недвижен имот на Министерството за правда; -Осигурување на моторни возила од автоодговорност и каско осигурување и зелен картон; и - Услуги за патничко осигурување на вработените надвор од земјата.

Министерството за правда врз основа на спроведената постапка за набавка од мала вредност за набавка на услуги и согласно член 48 од Законот за јавните набавки, по разгледување на доставените три понуди од страна на тројца економски оператори за сите три дела преку ЕСЈН, како и согласно спроведената електронска аукција, согласно член 112 од Законот за јавните набавки, одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Одлучено во Министерството за правда по спроведена постапка за набавка од мала вредност за набавка на усуги објавена со оглас број 10162/2021.

**ПРАВНА ПОУКА: Против Одлуката за избрана најповолна понуда може да се поднесе жалба во рок од 5 дена од денот на приемот на Одлуката преку ЕСЈН до Државната комисија за жалби по јавни набавки на Република Северна Македонија**

МИНИСТЕР ЗА ПРАВДА
**м-р Бојан Маричиќ**

Доставено до:
- Комисијата за јавни набавки
- Одделението за јавни набавки

Согласно извештајот од Комисијата за јавни набавки
Подготвила: Марина Миновска - раководител на одделение
Контролирала: Убавка Матевска Скаловска - раководител на сектор